**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Сто деветата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20.06.2002 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по Сто и деветата седница на Собранието на Република Македонија.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници и Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со утврдување на дневниот ред.

Предлогот на дневниот ред е објавен во Дневниот информатор и ви е поделен.

Дали има некои предлози за изменување и дополнување на дневниот ред.

Има збор господинот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Господине претседателе јас мислам дека оваа седница има континуитет од онаа седница која ја прекинавме. Јас незнам зошто техниката затаила во тој поглед.

Јас и во претходниот дел кога се јавив по оваа седница, во вид на процедурална забелешка кажав мое мислење за одредени објаснувања кои што ги даваше Владата, меѓутоа, како и секогаш, така и тогаш не го добив дополнителното објаснување, така да во тој дел немам што додатно да коментирам, со оглед на тоа што недостасуваат дополнителни аргументи од Владата, по однос на тоа што претходно јас го кажав и јас сум во неможност понатаму да ги коментирам тогаш изнесените ставови од страна на оние кои што ја објаснуваа процедурата за утврдување на итноста на предложените закони.

Штом таа фаза ја поминавме, во досегашната работа по оваа седница и бидејќи дојдовме во фазата на предлози за изменување и дополнување на дневниот ред, јас предлагам денешната седница да се дополни со една точка, која што ние ја имаме вградено во работата за Сто и четвртата седница.

Имено, таа точка 19, за која што многу овдека дискутиравме, која што се однесуваше на Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност, со Предлог на закон.

Имено, тогаш вие господине претседателе, покажавте една добра волја, со тоа што заклучивте Сто четврта седница да се исцрпи со дневниот ред и додека таа седница не се исцрпи, да не се продолжи со работа по веќе закажаните други седници на нашиот Парламент. Согласно на тој ваш став тогаш, верувам дека е и сегашен, вие ја одложивте Сто шестата седница за работа на нашиот Парламент. Но, евидентно дека до таа точка не дојдовме на Сто четвртата седница. Со оглед на тоа што Владата предлага бројни закони, кои што ги врзува како услов за ефикасно одвивање на преговорите со Светската трговска организација, нема зошто да спориме, дел од овие закони да не се вградени во извештајот, кој што е доставен до Владата, иако таа итност не е во толкава мера изразена, со оглед на тоа што сега Република Македонија ги води билатералните разговори со одделни земји членки од Европската Унија и врз основа на решенијата од тие преговори продолжува процесот на интегрирање на Македонија во Светската трговска организација. Но, добро е така и ние ќе се произнесеме да се хармонизираат законските проекти кои што се во допирна точка со одделни точки од извештајот, кој што содржи во својата содржина 87 точки кои во исто време значат и толку задолженија за измена на законски и подзаконски акти, кои што би придонеле пронтно одвивање на разговорите и посериозно пристапување на Република Македонија во таа фамилија на светската трговска работа.

Мојот конкретен предлог е од Сто четвртата седница на оваа Сто девета седница, со оглед на целокупната процедура што е завршена по тој закон од Сто и четвртата седница се вгради точка, која што би гласела: Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигуруваше во случај на невработеност.

Јас нема долго да објаснувам, затоа што на сите во салата и на поширокота јавност е познато дека овој закон се однесува на санирање на социјалната состојба на работниците кои што беа вработени во фирмите загубари, а кои што отидоа под стечај, со оглед на тоа што

според она што можевме да го слушнеме и видиме преку пишаните и електронските медиуми, станува збор за закон кој што од страна на Владата начелно бил прифатен.

Со оглед на тоа што во исто време пропаднаа преговорите со ММФ нема дополнително објаснување за одбојниот однос на Владата во рамките на поддршката по овој закон. Така што, со оглед на аргументите кои што ги изнесов, предлагам до Собранието денешкиот дневен ред да се дополни со точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување во случај на невработеност, со Предлог на закон, со што овој Парламент активно би се вклучил во донесувањето на закон, со кој што ќе се ублажи социјалната положба на работниците и практично би придонел за ублажување на таа состобја и би преминал од декларативност во конкретност. Тоа е мојот конкретен предлог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Меѓутоа, не постојат деловнички можности за остварување на овој предлог, така што не можеме да постапиме по него. За точката 19, тој закон има свој предлагач, тоа е уврстено во дневниот ред од Сто четвртата седница. Само предлагачот може да го повлече таму и да ни го предложи овде. Друг тоа не може.

Одиме поантаму. - Има збор господинот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Јас мислам дека би се согласиле сите овде, штом веќе е утврден тој закон за Сто четвртата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Бузлевски тоа е бесцелно натаму. Ви кажувам како е по Деловникот.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

По Деловникот, меѓутоа може нема да се продолжи Сто четвртата седница, па нема да се донесе таков закон во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немајте вие гајле. Ќе се продолжи и по Сто четвртата седница. Сите ќе ги завршиме. Ќе работиме ако треба и секој ден, ама ќе ги завршиме. Сега имате и една одлука на Комисијата за избори и именувања. Јас мислам дека повеќе ќе не ангажира овде.

Одиме понатаму. - Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, предложениот дневен ред го ставам на гласање. - Ве молам да гласате.

Гласале вкупно 71 пратеник, за гласале 60, воздржано гласале 8, а против гласале тројца.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Пратеникот Јордан Бошков предлага Предлог за донесување на закон за ратификација на заклучоците и Договорот за репрограмирање меѓу Владата на Република Македонија и Јапонската банка за меѓународна соработка, со Предлог на закон. Предлогот за донесување на законот за ратификација на Спогодбата за трговија со текстилни производи меѓу Република Македонија и Европската заедница, со Предлог на закон.

Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската спогодба за пренос на барањата за правна помош, со Предлог на закон.

Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за укинување на присилна работа, со Предлог на закон.

Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Белорусија за поттикнување на реципрочна заштита на инвестициите, со Предлог на закон.

Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за предавање и превземање на лицата со незаконски престој, со Предлог на закон.

Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за признавање квалификации кои се однесуваат на високото образование во европскиот. регион, со Предлог на закон.

Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Босна и Херцеговина, со Предлог на закон.

Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Албанија, со Предлог на закон, да бидат разгледани пред останатите точки од дневниот ред.

Ова е важен предлог, имаме многу заостанување во овие работи и

предлогот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, за гласале 54, воздржано гласале 8, против гласале 8.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Минуваме на 26 точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина, со Предлог на закон.

Предлогот за донесуваше на закон, со Предлог на закон и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за ратификација на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина. - Ве молам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, за гласале 54, воздржано гласале 7, против гласале двајца пратеници.

Коснтатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон. - Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 66 пратеници. За гласале 58, воздржано гласале шест пратеници, против гласале двајца пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Бидејќи некои немале картички, а тоа се одразува на резултатот, ве молам да гласаме повторно.

Гласале 75 пратеници, за гласале 67, воздржано гласале 7 пратеници, против гласал еден пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина.

Минуваме на точката 27 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Албанија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? - Има збор господинот Стојан Ковачевски.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Господине претседателе, јас побарав збор уште пред почетокот на седницата, меѓутоа се исклучив бидејќи вие баравте да се внесе точката на Јордан Бошков и тогаш се исклучив.

Јас сакам да го повторам прашањето од минатата седница. И покрај вашата интервенција на пратеничките прашања ние немаме баш ниту еден одговор. Дали мисли Владата дека мандатот е на крај на Собранието и ние ќе останеме рамнодушни со тоа што маса пратенички прашања остануваат без одговор. Јас велам, ако ние во рок од неколку дена не добиеме одговор на пратеничките прашања иако нема шанси да се расправа за инггарпелација на одредени министри кои што не одговориле нека остане во историјата на Собранието на Македонија, *ќе* покренам иницијатива за интерпелација на министрите кои што не ги одговориле пратеничките прашања. И ја барам вашата поддршка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во секој случај ќе имате подршка. Јас пак ќе ургирам до Владата и до министерствата да дадат одговор.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Прддлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и

Република Албанија. - Ве молам да гласамд.

Вкупно гласале 75 пратеници. За гласале 70 пратеници, воздржано гласале 5 пратеници, против не гласал никој.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува прддлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 75 пратеници. За гласале 66 пратеници, воздржано гласале 7 пратеници, против гласале 2 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот. Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 72 пратеници. За гласале 65 пратеници, воздржано гласале 6 пратеници, против гласал 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Албанија.

***Минуваме на точката 31*** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Заклучоците и Договорот за репрограмирање меѓу Владата на Република Македонија и Јапонска банка за меѓународна соработка, со Предлог на закон.

Претресот по предлогот за донесување на законот е заклучен.

На Собранието му предалагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Заклучоците и Договорот за репрограмирање меѓу Владата на Република Македонија и Јапонска банка за меѓународна соработка.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 72 пратеници. За гласале 67 пратеници, воздржано гласале4 пратеници, против гласал 1 пратеник.

Констатирам дека залучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници. За гласало 63 пратеници, воздржано гласале 5 пратеници, против не гласал никој.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на членовите 1 и 2.

Отворам претрес по амандманот на членовите 1 и 2, поднесени од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претросот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање. - Во молам да гласаме.

Вкупно гласале 75 пратеници. За гласале 65 пратеници, воздржано гласале 8 пратеници, против гласале 2 пратеници.

***Минуваме на точката 32*** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за трговија со текстилни производи меѓу Република Македонија и Европската задница, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот и предлог законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му Предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за трговија со текстилни производи меѓу Република Македонија и Европската задница. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 75 пратеници. За гласале 68 пратеници, воздржано гласале 5 пратеници, против гласале 2 пратеници.

Констатирам дека залучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 75 пратеници. За гласале 67 пратеници, воздржано гласале 7 пратеници, против гласал 1 пратеник.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 75 пратеници. За гласале 69 пратеници, воздржано гласале 6 пратеници, против не гласал никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратитикација на Спогодбата за трговија со текстилни производи меѓу Република Македонија и Европската заедница.

***Минуваме на точката 33*** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската спогодба за пренос на барањата за правна помош, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлог на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Европската спогодба за пренос на барањата за правна помош.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 76 пратеници. За гласале 68 пратеници, воздржано гласале 8 пратеници, против не гласал никој.

Констатирам дека залучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 74 пратеници. За гласале 66 пратеници, воздржано гласале 7 пратеници, против гласал 1 пратеник.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 77 пратеници. За гласале 70 пратеници, воздржано гласале 7 пратеници, против не гласал никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Европската спогодба за пренос на барањата за правна помош.

***Минуваме на точката 34*** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за

укинување на присилна работа, со Предлог на закон.

Ве потсетувам дека го заклучив општиот претрес по Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Немаме претставник од Министерството за труд и социјална политика.

***Минуваме на точката 35*** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Белорусија за поттикнување и реципрочна заштита на инвестициите, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлог на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Белорусија за поттикнување и реципрочна заштита на инвестициите. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 78 пратеници. За гласале 72 пратеници, воздржано гласале 6 пратеници, против не гласал никој.

Констастирам дека залучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 72 пратеници. За гласале 65 пратеници, воздржано гласале 6 пратеници, против гласал 1 пратеник.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 73 пратеници. За гласале 67 пратеници, воздржано гласале 6 пратеници, против не гласал никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Белорусија за поттикнување и реципрочна заштита на инвестициите.

***Минуваме на точката 36*** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за предавање и преземање на лица со незаконски престој, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за предавање и преземање на лица со незаконски престој. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 75 пратеници. За гласале 68 пратеници, воздржано гласале 6 пратеници, против гласал 1 пратеник.

Констастирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да

се претресе и Предлогот на закон. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 74 пратеници. За гласале 69 пратеници, воздржано гласале 4 пратеници, против гласал 1 пратеник.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 76 пратеници. За гласале 68 пратеници, воздржано гласале 7 пратеници, против гласал 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за предавање и преземање на лица со незаконски престој.

***Минуваме на точката 37*** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за признавање квалификации кои се однесуваат на високото образование во европскиот регион, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за признавање квалификации кои се однесуваат на високото образование во европскиот регион. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 77 пратеници. За гласале 68 пратеници, воздржано гласале 9 пратеници, против не гласал никој.

Констастирам дека залучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 78 пратеници. За гласале 71 пратеници, воздржано гласале 6 пратеници, против гласал 1 пратеник.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

**СТОЈАН АНДОВ:** (продолжение)

(по гласањето) - Вкупно гласале 85 пратеници, од кои 70 за, 10 воздржано и никој не гласал против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Конвенцијата за признавање и квалификации кои се однесуваат на високото образование во европскиот регион.

Минуваме на првата точка - Предлог на закон за дополнување на Законот за движење и престој на странци.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес. - Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

(по гласањето) - Вкупно гласале 79 пратеници, од кои 71 за, 7 воздржано и 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за движење и престој на странци.

Минуваме на втората точка од дневниот ред - Предлог на закон за индустриската сопственост.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес. - Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Чедомир Краљевски поднесе амандмани на член 3 за менување на алинеја 10, член 109 став 3, член 143 став 3, член 225 став 4, член 95 став 1, член 124 став 3, член 133, член 139 став 1 и на член 222 став 1, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член' 3 за менување на алинеја 10, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. - Отворам претрес по амандманот на член 109 став 3, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. - Отворам претрес по амандманот на член 143 став 3, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАНАНДОВ:**

Благодарам. - Отворам претрес по амандманот на член 225 став 4, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. - Отворам претрес по амандманот на член 95 став 1, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. - Отворам претрес по амандманот на член 124 став 3, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. - Отворам претрес по амандманот на член 133, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. - Отворам претрес по амандманот на член 139 став 1, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. - Отворам претрес по амандманот на член 222 став 1, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. - Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот. - Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. - (по гласањето).

Вкупно гласале 80 пратеници, од кои 66 за, 12 воздржано и 2 пратеника против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за индустриската сопственост.

Преминуваме на третата точка од дневниот ред - Предлог на закон за надворешно трговско работење.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес. - Молам, кој бара збор? (ниќој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето).

Вкупно гласале 81 пратеник, од кои 66 за, 15 воздржано и никој не гласал против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за надворешно трговско работење.

Преминуваме на четвртата точка од дневниот ред - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите. Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес. - Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Јонуз Абдуали, Слободан Ќосев, Илија Ѓорѓиев, Слободан Гарчевски и Горанчо Трајков, поднесоа амандман на член 1 за менување на новиот став 3, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Томислав Петровски, поднесе амандман на член 1 став 3, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за менување на новиот став 3, поднесен од пратениците Јонуз Абдуали, Слободан Ќосев, Илија Ѓоргиев, Слободан Гарчевски и Горанчо Трајков. Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор заменикот министер за финансии.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Бидејќи има друг ваков сличен амандман, овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? - Има збор г. Слободан Ќосев.

**СЛОБОДАН ЌОСЕВ:**

Почитуван г. претседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги пратеници, на една од седниците на Комисијата за економска политика и развој беше разгледувана оваа точка за дополнување на Законот за акцизи. Сите членови едногласно го поднесовме овој амандман. Да дообјаснам во што се состои амандманот. Имено, во точката 1 Владата предвидуваше 80% ослободување на акцизата на оние потрошувачи кои како додаток енергенс, на пример како додатен енергенс на нафтата се додава енергенсот пропан-бутан. Ние како членови на Комисијата го поднесуваме овој амандман, да влезат и оние потрошувачи на енергенсот пропан-бутан кои 100% го употребуваат како енергенс овој пропан-бутан гас. Имено, што би добиле производувачите? Конкретно би кажал еве Санитарна керамика "Македонија" од Струмица го употребува како енергенс исклучиво пропан-бутан гасот, а оваа фабрика е ориентирана главно извозно, што значи само многу мал дел од своето производство го продава на домашниот Пазар, така што со ова намалување односно ослободување од акцизата на оваа фабрика, би била далеку поконкурентна на странскиот Пазар. Од тие причини го

поднесовме тој амандман и ги молиме колегите пратеници да го прифатат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г. Горанчо Трајков.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, јас би сакал само накратко да дадам едно појаснување околу амандманот. Мислам дека и г. Ќосев даде објаснување, имено се работи за следното:

Во предложениот текст имаме ослободување од 80% од акцизата само за оние претпријатија кои вршат користење на пропан-бутан, меѓутоа, како додатно гориво. Со амандманот сите членови на Комисијата за економска политика и развој се согласија, вршиме ослободување од 80% од акцизите за сите производители кои работат со пропан-бутан, што значи од едно решение во кое се опфаќаат само мал број на фирми, вршиме проширување на тој дел и ослободување на сите оние кои користат пропан-бутан.

Од тие причини, сметам дека амандманот треба да биде поддржан

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Јонуз Абдулаи.

**ЈОНУЗ АБДУЛАИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, сметам дека доволно беше образложението од членовите на Комисијата за економска политика и развој, г. Ќосев и Горанчо Трајков. Јас ве известувам дека во расправата учествуваа сите членови од позицијата и опозицијата и едногласно беше прифатен овој амандман, па сметам дека ќе има разбирање меѓу колегите пратеници, прддллагам истиот да биде прифатен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот ло амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето).

Вкупно гласале 85 пратеници, од кои 53 за, 27 воздржано и 5 против.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 3, поднесен од пратеникот Томислав Петровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Бидејќи се прифати претходниот амандман, овој амандман нема потреба да се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ:**

Го повлекувам амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (по гласањето).

Вкупно гласале 86 пратеници, од кои 70 за, 11 воздржано и 5 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите.

Преминуваме на петтата точка на дневниот ред - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес. - Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по такстот на Предлогот на законот.

Комисијата за екологија, млади и спорт, поднесе амандмани на член 3, член 4 став 2, член 9 став 2, член 13 став 1, член 16 за бришење на став 1, член 19 и за менување на член 30.

Пратеникот Кирил Настевски, поднесе амандман на член 16 за менување на став 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3, поднесен од Комисијата за екологија, млади и спорт.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МАРЈАН ДОДОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (по гласањето)

Вкупно гласале 80 пратеници, од кои 24 за, 26 воздржано и 30 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 2, поднесен од Комисијата за екологија, млади и спорт.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МАРЈАН ДОДОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.(по гласањето)

Вкупно гласале 80 пратеници, од кои 29 за, 28 воздржано и 23 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 2, поднесен од Комисијата за екологија, млади и спорт.

Со овој амандман не се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МАРЈАН ДОДОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.(по гласањето)

Вкупно гласале 78 пратеници, од кои 23 за, 27 воздржано и 28 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 1, поднесен од Комисијата за екологија, млади и спрот.

Со овој амандман се соглсил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МАРЈАН ДОДОВСКИ:**

Аманандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 16 за бришење на став 1, поднесен од Комисијата за екологија, млади и спорт.

Со овој амандман не се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МАРЈАН ДОДОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.- Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Вкупно гласале 78 пратеници, од кои 18 за, 28 воздржано и 32 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

За петтиот амандман, на член 16 за бришење на став 1, поднесен од Комисијата за екологија, млади и спорт, за кој го утврдив резултатот од гласањето, сега констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 19, поднесен од Комисијата за екологија, млади и спрот.

Со овој амандман се соглсил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МАРЈАН ДОДЕВСКИ:**

Се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се прифаќа, благодарам.

Отворам претрес по амаднманот за менување на член 30 поднесен од Комисијата за екологија, млади и спорт.

Со овој амаднман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МАРЈАН ДОДЕВСКИ:**

Се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 16 за менување на став 1 поднесен од пратеникот Кирил Настевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МАРЈАН ДОДЕВСКИ:**

Не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Дали некој бара збор? Има збор господин Кирил Настевски.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, очигледно дека со овие измени и дооплнвуања на Законот за животна средина предлагачот создаде една збрка со некои членови, така што и на амандмани кои што, претставниците на Министерството за животна средина и просторно планирање ги предлагаа пред Комисијата, сега веќе не ги прифаќаат. Тоа значи дека не биле во тек со работата.

Конкретно сакам да кажам за предложениот амандман во членот 16, за менување на ставот 1, што, како што е во Прелдогот на материјалот.

Во изворниот закон на член 24 се менува ставот 2, со кој што Владата, каде пишува дека Владата на РМ со посебен акт определува кој вид и количини на отпад или недоискористени материи од технолошките процеси, дејности и дејствија, кои служат како секундарни суровини и друго, ќе можат да се увезуваат освен радиоактивните материи. Што се случува? Овој став предлагачот го менува, со тоа што се брише дека Владата ќе донесе посебен акт. Тоа ќе го прави Министерството за животна средина. Тоа значи дека ќе може со некаков документ на Министерството за животна средина разни отпадни или недоискористени материи во технолошките процеси, дејности и дејствија да се увезуваат колку што се сака и како што се сака.

Амандманот што го предложив има слична формулација односно министерот за животна средина и просторно планирање со посебни акти да определуваат кој вид и количина на отпадни и недоискористени материи од технолошките процеси и дејствија и дејности кои служат како секундарни суровини и друго да можат да се увезуваат освен радиоактивните материи, но по претходно мислење на Владата на Република Македонија.

Мојот предлог кореспондира со членот 33 од Законот за отпад, што е изворен закон за отпад, согласност за увоз и извор на отпадоци дава Министерството за урбанизам и заштита на животната средина, врз основа на претхдно донесен акт од Владата на Република Македонија.

Сега, не прифаќајќи го овој амандман, претставникот на Владата практично прави една забуна. Во еден закон постои дека увоз и извоз на отпад дозвола дава министерството, согласност, но со претходно донесен акт на Владата, а во Законот за животна средина тоа ќе го правел министерот. Тоа практично ќе значи една огромна забуна кај граѓаните кои сакаат да се занимаваат со увоз или извоз на отпад и практично не ќе знаат по кој закон, односно Владата и надлежното министерство ќе прават онака како ќе им одговара. За некои предмети ќе решава според Законот за отпад, па ќе рече немаме акт на Владата, а по некои предмети ќе решава по Законот што сега се предлага, ќе добие барателот да увезува отпад.

Затоа предлагам амаднманот што го предложив, апелирам до колегите пратеници да биде прифатен, бидејќи тој е во интерес и на граѓаните, но е во интерес и на државата. Барем ќе има контролирано увезување на отпадни материи. Инаку, државата би ја претвориле во вистинска депонија. - Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 79 пратеници, за гласале 25 пратеници, воздржано гласале 23 пратеници, а против гласале 31 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 82 пртеници, за гласале 60 пратеници, воздржан гласале 12 пратеници, против гласале 10 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита и унапредување на животната средина и природта.

Минуваме на точката 6 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес. - Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлотот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 83 пратеници, за гласале 69 пратеници, воздржано гласале 11 пратеници, против гласале 3 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и. урбанистичко планирање.

Минуваше на точката 7 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за комунални дејности.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, односно поделени.

Отворам општ претрес. - Молам, кој бара збор. (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратенииците Кирил Настевски и Аслан Селмани, поднесоа амандмани за менување на член 1, член 2, за бришење на член 3, член 4, член 5 и на член 11 став 1 и 2 по кси Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1 поднесен од пратениците Кирил Настевски и Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се поризнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 78 пратеници, за гласале 27 пратеници, воздржано гласале 20, против гласале 31 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амаднманот на член 2 поднесен од пратениците Кирил Настевски и Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаље. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 83 пратеници, за гласале 25 пратеници, воздржано гласале 25 пратеници, а против гласале 33 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амаднманот. Отворам претрес по амаднманот за бришење на член 3 поднесен од пратениците Кирил Настевски и Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 76 пратеници, за гласале 19 пратеници, воздржано гласале

18 пратеници, а против гласале 39 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амаднманот.

Отворам претрес по амаднманот на член 4 поднесен од пратениците Кирил Настевски и Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 76 пратеници, за гласале 18 пратеници, воздржано гласале 18 пратеници, а против гласале 40 пратеници. Констатирам дека Собранието не го усвои амаднманот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 поднесен од пратениците Кирил Настевски и Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се прокзнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? - Има збор господин Кирил Настовски.

**КИРИЛ НАСТОВСКИ:**

Намерно не земав збор за претходните амандмани, меѓутоа, очигледно дека предлагачот на измените и дополнувањата на Законот за комунални дејности прави сериозен превид во комуналните дејности.

Имено, прво се направи напор дејноста - остранување и чување има ситна и крупна стока и живина во урбаните средини се помести како комунална дејност. Практично тоа нема никаква врска со комунална дејност.

Чувањето на ситна и крупна стока и живина е дејност на сосем други закони. Исто така, оваа дејност, внесена како комунална дејност, значи отстранување и чување на ситна и крупна стока и живина во урбаните средини, се промовира дека и во урбаните средини ќе се чува ситна стока и живина. Сето тоа е какафонија.

Второ, предлагачот нема потполна врска со тоа што значи сечење и складирање на огревно дрво и јаглен да биде комунална дејност. Замислете, складирање. Или производство и печење на вар и дрвен јаглен во урбаните средини?!

Мислев дека ќе се има малку слух затоа тие амандмани беа дискутирани и во соодветната комисија. Меѓутоа, гледам дека навистина се нема абер што се тоа комунални дејности и гарантирам дека некоја идна влада сето ова ќе го има за чистење. Нека не прифати ниту еден амандман, но нека му служи на чест. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 81 пратеници, за гласале 23 пратеници, воздржано гласале 22 пратеници, а против гласале 36 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амаднманот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 1 и 2 поднесен од пратениците Кирил Настевски и Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 81 пратеници, за гласале 22 пратеници, воздржано гласале 18 пратеници, а против гласале 41 пратеници. Констатирам дека Собранието не го усвои амаднманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 80 пратеници,за гласале 60 пратеници, воздржан гласале 7 пратеници, против гласале 13 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донеге Законот за изменување и дополнување на Законот за комунални дејности.

Минуваме на точката 8 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Царинскиот закон.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес. - Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Илија Илоски поднесе амандман за бришење на член 6 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 6, поднесен од пратеникот Илија Илоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата, бидејќи во ова турбо водеше на седниците ја испуштив можноста да се јавам во општиот претрес дозволете во поткрепа на амандманот што го поднесов да кажам неколку зборови и околу самиот текст на законот. Мислам дека сето е поврзано токму со овој клучен член што Владата вели дека го менува, но по мое длабоко убедување ништо се се менува.

На почеток, за вас колеги пратеници, а и за пошироката јавност да направам една мала генеза како е дојдено до оваа промена во Законот за царини што денес го нуди Владата пред Парламентот.

Реформите во цариснкиот систем во Република Македонија, како што знаете се започнати одамна и тоа од 1996 година и тоа со усогласено компатибилно законодавство и со ЕУ и со Светската царинска организација и со СТО. Клучниот закон што ја регулира оваа материја се донесе на 28.04. 1998 година и беше согласно ЕСАФ аранжманот кој беше заклучен со ММФ. Поради суптилноста на материјата и поради подготовка на службите, за да работат по тој нов закон, истиот во преодните и завршните одредби содржеше клаузула дека иако е донесен на 28.04.1998 година ќе се применува од 1 јануари 1999 година.

Знаете, се случи тоа што се случи. Таа Влада тогаш што го донесе тој закон и тој Парламент ја напуштија политичката сцена од власта и новата Влада кога дојде, истиот тој закон, не знаевме тогаш, прашувавме од кои причини, меѓутоа, неговата примена ја одложи уште за 1 година од 1 јануари 2000 година. Одлагајќи го тој законски проект, одлагајќи ја неговата примена, тогаш Владата поднесе закон за измена на Царинскиот закон и Ве потсетувам на таа седница ни повеќе ни помалку измени 173 од вкупно 221 член.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:** (Продолжение)

На крај да ве потсетам дека во тогашните образложенија Владата кажа, апсолутно не се менува основниот концепт на законот, туку се работи за реноминирање на одредени членови, одредена НОМО-техника и одделни ситни усогласувања со некои барања на СТО и Светската царинска организација. Тогаш ние дадовме поддршка на тие ситни промени. Се буневме околу пролонгирање на рокот на примена на законот, бидејќи мислевме дека има објективни околности да се спроведе тој закон во пракса, меѓутоа, се случи тоа што се случи. Меѓутоа ние апсолутно бевме против враќање на два члена од Законот од 1998 година кои со Законот од 1998 година беа укинати. Тоа беше членот 52 во кој постоечки закон и воведување на сега новиот, актуелен законски текст, член 24-а т.е. повторно воведување на економска сцена на таканаречениот економски институт - царински контингенти и повторно воведување на еднаш укинатите слободни царински продавници, или популарно кај народот по познати ФРИ-шопови.

Во поткрепа на овој амандман што го поднесувам денес и на овој вака предложен законски текст, за измени на законот за царини, сакам да ве потсетам на некои ударни моменти од мојата дискусија и од мојот настап на тогашната седница. Јас тогаш, зборувајќи по воведувањето на членот 24-а, го имам кажано следното: "Со воведување на овој член се напушта концептот на пазарната економија во РМ. Истиот тој не е усогласен со законодавството на ЕУ, е во спротивност со одредбите на СТО, предпоставува извор на разни манипулации, корупција и дискриминаторни односи кон одредени субјекти на економскиот пазар во РМ, и во секој случај ќе предизвика негативни и фискални ефекти за буџетот на РМ". т.е., да

цитирам извадоци од тогашните стенографски белешки "Тоа значи комплетно напуштање на реформскиот курс на Владата на РМ, бидејќи со враќање на овој член наспроти "вашите декларативни заложби за реформи во пракса имаме состојба на економски волонтаризам и политичка импровизација и се добива впечаток дека постои некакво типско сценарио според кое естаблишментот пропишува антиреформски мерки скоро во секој закон. Тоа значи дека погубно сме го оцениле повторното враќање во законот за царини, постоечкиот член, дали е 52, или во новиот текст над тогаш предложениот закон членот 24-а. Без разлика како е нумериран, суштината беше во тоа што една антиреформска мерка се вметнува во еден базичен закон што ја регулира царинската проблематика во државата. Меѓутоа, тогаш немавте слух да не послушате дека навистина од се тоа што го кажуваме ќе имате проблеми и со СТО и со СЦО и со ММФ, а како што се испостави одпосле со потпишување на спогодбата за асоцијација со унијата, големи проблеми ќе настанат со приближување кон законодавството на ЕУ. Тогаш министерот за финансии, непосредно по усвојување на тој член 24-а, во царинскиот закон беше во Вашингтон на преговори со ММФ и Светската банка и после неговото враќање даде една изјава дека РМ, не само што ја изгуби довербата пред Светската банка и ММФ и другите финансиски институции, туку, го цитирам министерот во дневниот печат тогаш кажа дека нашиот финансиски кредибилитет навистина е уништен. После неговата изјавг на таа иста седница кога се усвојуваше членот 24-а, од царинскиот закон, јас го имам кажано следното мислење, реплицирајки му ја изјавата на министерот.

- Господине министре што не си тука прво алал вера на искреноста и на вашата моќ за расудување, да ги разберете работите така како што се, но, сигурно пред одењето во Вашингтон кога ги правевте измените во законот за царини не знаевте дека воведувањето на членот 24-а ќе ве чини ова што сега ве чини, или знаевте, арно ама се понадевавте дека Вашингтон е далеку, нема да ве слушне и нема да ве разбере за тоа што се работи во Македонија.

Исто така, на таа седница, воведувањето на член 24-а или таканаречените царински контингенти, го цениме како катастрофален, нереформски потези на Владата и укажавме дека ќе се отворат огромни проблеми во преговорите со СТО, велејќи дека тој е клучниот член во Законот кој го регулира надворешно-трговското работење на РМ, а кој од своја страна ке имплицира одредени проблеми во приклучувањето на Македонија во големото трговско светско семејство. Исто. така, укажавме дека се врши, рековме тогаш раст на дискриминација на стопанските субјекти, која дискриминација сама по себе предизвика огромни дисторзии во севкупниот економски систем. Укажавме дека тоа е базичен член во еден системски закон кој преферира, не да спречува туку преферира корупција во редовите на државната администрација. Господо, што ни се случи? Тогаш ни се случи, сакам да ве потсетам на таа седница кога СДСМ беше против враќање на еден ваков нереформски член во законот за царини, тогаш настана кавга помеѓу коалиционите партнери ДА и ВМРО-ДПМНЕ. Овие моменти, претседателе, јас се извинувам може би малку пошироко отидов во контекст на амандманот, меѓутоа се многу битни да ги сватите за денес да не ја направиме истата грешка.

Да ве потсетам дека ДА, тогаш кога беше во Владата и имаше министер за стопанство, поднесе амандман и рече дека со тој амандман се бараше не како што дотогаш со истите ги делел министерот за финансии, туку царинските контингенти и решенијата за царински контингенти да ги издава министерот за стопанство. Поради таа братска љубов што постоеше во тогашната ДА и ВМРО-ДПМНЕ се усвои тој амандман и наместо министерот за стопанство само се преноминира газдата кој ќе ги издава царинските контингенти. Значи, царинските контингенти подпаднаа под ингеренции наместо министерството за финансии од Министерството за стопанство. Да ја напушти како што ја напушти Владата. Наместо министер за стопанство дојде сегашниот актуелен министер г-динот Бесник Фетаи. Што ни се случи во овој меѓу период:

Во овој меѓупериод господо ние бевме сведоци на една катастрофална состојба во тој сектор во РМ, и со право не само домашната, обична и лаичка и експертска јавност туку и светската експертска јавност овој министер го нарекува министер за контингенти а не министер за економија. Фактички ние сега во РМ, немаме министер за економија. Напротив имаме министер за поделба на контингенти. Тоа сакале или не сакале да го признаат или на пратениците кои се во коалиција со дотичниот министер, тоа е гол факт. Досега не се слушнало да се поделил контингент во РМ, на 1 транспарентен начин

каде што сите стопански субјекти кои се заинтересирани во одредени бранши што ги добија тие контингенти, со намалување на царинските стапки или со ослободување од царина, го добиле на еден транспарентен и економски оправдан начин. Сега самите предлагачи викаат дека токму треба да настане измена во член 24-а. тие имаат посочено неколку битни моменти зошто треба да се промени законот за царини, како пречка во натамошните разговори со СТО за полноправно членство и како доближување на нашата легислатива од оваа бранша со легислативата на ЕУ, меѓутоа, повторно круцијално ја посочуваат промената токму на овие два члена. Членот 24-а и членот, незнам точно кој беше член по нумерација, членот сега за повторно реукинување, така да го наречам на слободните царински продавници или таканаречените „фри" шопови кои Владата иако ги воведе со измените во тогашниот закон, не успеа во меѓувреме на некој начин да ги ефектуира одредбите на тој член во пракса. Бидејќи тоа е така, јас би ги замолил пратениците длабоко да размислат околу поднесениот амандман за бришење на членот 6.

Што конкретно се предлага со овој амандман? Со овој амандман се предлага комплетно да се брише членот 24-а и делот на таа материја комплетно да се врати на стартните позиции со носење на базичниот закон кој се донесе на 2 8 април 1998 година и претрпи одреднеи измени во крајот на 1999 година. Значи ако се вратиме на тие базични, јас одговорно тврдам како субјектите кој учествуваше во изработка на тој закон дека токму таквиот текст од комплетно усогласен со Европското законодавство, со законодавството на евро-царината, со законодавството на СТО и со препораките и барањата на СТО.

Инаку, господа пратеници незнам колку сте го прочитале новиот видо изменет текст на член 24-а, т.е. проблематиката околу царинските контингенти, што ако читате во образложението е основната пречка за која СТО прави проблеми за прием на Македонија во полноправно членство. Сега новиот член што се нуди пред нас гласи:

"Владата на Република Македонија ги пропишува условите и критериумите под кои за одредени стоки може да се даде повластен паричен третман на предлог на министерот за економија", тоа до овде е точно, како што досега стои во постоечкиот член кој по препорака на СТО не е добар, е дискриминаторски во однос на одредени субјекти и треба да се промени и натаму продолжува а по претходно добиено мислење од министерот за финансии и министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ. Замислете што се прави сега. Сега се прави токму онаа квалитетна поделба на колачот помеѓу двете владеачки партии, ВМРО-ДПМНЕ и ДПА. Сега на Бесник Фетаи му се одзема целиот колач и сега пред избори вели несмееш само ти да крадеш јавно во државата, не смееш само ти да даваш контингент? Сега пред ти да дадеш контингенти ке ти каже министерот Груевски, колку и на кого ќе дадеш т.е. и тој ќе даде согласност, а бидејќи министерот Груевски е помал партиски војник од постоечкиот министер за земјоделие, сега пак Марјан Горчев на Груевски ќе му каже на кого Бесник Фетаи да даде контингент. Ве молам, дајте повеќе да не се играме играчки со државата. Барем овие 100 дена, во економскиот сектор да не правите такви работи, бидејќи тоа ќе биде штета на целокупниот економски систем, а и на самата држава.

И во завршните и преодни одредби, иако притиснати од ставовите и преговорите со СТО, велите, измените во член 24-а од царинскиот закон содржани во членот 7 од овој закон ќе отпочнат да се применуваат со пристапување на РМ, во СТО. Значи, доаѓаме до една парадоксална ситуација каде што во образложението велите, нам СТО ни упатува барање да го промениме членот 24-а, од оние причини што неколку пати овде ги спомнав. Значи тие сами бараат да ги промениме. Ние велиме добро, СТО, ние сакаме во вас да членуваме и тие членови ќе ги промениме, меѓутоа, ќе ги промениме откако ќе не примите, а во образложението вели дека ние не ве примаме, затоа што ова не го имате променето, не го имате усогласено со законодавството на ЕУ.

Сега јас одговорно ви тврдам дека при првата наредна средба, ако ова помине така, како што е сега предложено, експертите од преговарачкиот тим на СТО ќе дојдат и ќе ви кажат дека прво треба да го промените а после да ве оцениме дека сте чекор понапред во влезот на полноправно членство на СТО. Така што некоинцидира членот 30, во завршните и преодните одредби кој вели ние ова ќе го промениме откако ќе станеме, заправо сега го менуваме, а ќе стапи во сила откако ќе влеземе во СТО. Затоа, би ве замолил да не се играме играчки и овој член апсолутно ви гарантирам ќе биде и натамошна пречка за продолжување на преговорите со СТО, затоа што господо тие меѓу редови ви кажуваат, ви

пуштаат политички пораки дека вие како Влада крадете или викаат, со други зборови додека не престанете да крадете и да рекетирате и да уценувате стопански субјкети ние нема да ве примиме затоа што нам лопови во Светското трговско семејство не ни треба. Тоа е оној симплифициран, ако сакате наречете го најнароден јазик на кој ви укажуваат зошто не ви ги прифаќаат натамошните чакори за приближување на СТО. Инаку, со политички речник ви велам бидете, членот 24-а некоинцидира со нашиот член од некој си нивни закон каде што, иако дојде до поделба на одделни контингенти, а тоа некои експерти, на пример, г-динот Глигоров го гледам тука седи во клупите треба да ги знае, во кој случај на пример земјите членки на Унијата може да си дозволат таков луксуз да инкорпорираат таков член и да применуват во пракса во нивните земји. Тоа се само во некои случаеви на виша сила, на војна на елементарни непогоди, суши земјотреси, итн., а не ако му текне на г-динот министер, без разлика како се вика, сегашниот за економија, а утре на тој за финансии, или задутре на тој по земјоделие, како ќе му текне, кој повеќе пари ќе му однесе на шалтер, за лични богатства или за партиски цели, не му да му ги даде контингентите. Во крајна инстанца во ваква слаба економија не е ни лош членот ако децидно се применува и транспарентно сите подеднакво да учествуваат во таа утакмица. Меѓутоа како што не дал господ во таа држава, овој член ако не го укинеме навистина ќе ни биде рак рана и натаму по сите прашања околу приближување во тие светски европски асоцијации.

Би ве замолил, дајте трезвено да пристапиме кон оваа материја. Овде нема никакви емоции. Овде се работи за гола правна, економска прагма која сите не чини нас овде.

Второ, би му порачал на директорот на царинската служба, тој требаше да го искине овој текст на закон пред да го пуштат на мислење кај експертите за финансии, за да дојде во парламентот. Зошто? Затоа што кај него ќе викаат дека е тој криминалец, а тој нема врска на кому се даваат тие контингенти. Значи, нема никаков оплив во тој криминал што се прави во државата, а бидејќи е последен во тој синџир што го контролира тоа до физички влез на стоките преку границата, повторно сите повици и критики ќе бидат упатени во таа служба. И на тој човек ако дефинитивно не му е до неговиот личен интегритет, тој мора интегритетот на царинската служба да го запази, да го искине овој закон и да не дозволи да дојде во парламентарна процедура, или вие да му помогнете на истиот тој човек, поготово, пратениците од ВМрО-ДПМНЕ, овој член денес да го укинеме и немојте повеќе да дозволиме ние да прејудицираме, па овој Бесник Фетаи од утре ќе се подобри. Не се подобрува. На сите тоа да ни е јасно. Таа ментална матрица зададена е во ова општество и се направи уште трista глупости кои само ќе ги читаме по весниците, му дал незнам на својот пријател од таму и таму, толку и толку шеќер, на друг толку и толку смрзнато месо, кој му го дозволил тоа да му го дава. Ние, токму овде народни избраници, за тоа да му го правиме народот што му го прави сега. Или ако не е така, повелете повикајте го минстерот нека дојде и нека ме демантира.

Сега, доаѓаме до една нонсенз ситуација, повторно ние протежираме легитимно криминал и после да не се чудиме сите од каде на пример само ноќеска во Тетово цела ноќ се пука. Знаете од каде? Од контингентите, од тие испрани пари од контингентите. Некој тоа пукање треба да го плати. Така што еднаш мора кај нас да проработи свеста и совеста. Или овој член денес да го укинеме и никому повеќе во оваа држава да не му текне да стане газда дури и на нашите души овде. Мора да се укине членот. Ако е министерот член јас ви гарантирам, под него има уште 200 -300 административци кои ќе го злоупотребат тој член и ќе му подметнуваат кукавички јајца да потпишува. Верувајте, као членот 52 додека не се укине, што предполага страшни дисторзии во целокупниот економски систем овој член токму ќе ја растури царината и државата и севкупната економија, а за жал, тие што работат физички на царината, што го спроведуваат, немаат апсолутно никаква врска. Токму ние овде имаме одговорност ако го изгласаме ваков каков што е.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:** (продолжение)

Втор клучен член на кој се повикува Светската трговска организација и прави пречки во преговорите со Македонија, поготово околу усогласувањето на легислативата во овој сегмент со законодавството на ЕУ и тогаш кажувавме, а сега ви повторуваме ги имавме истите проблеми, истите разговори можеби не со истите личности по име и презиме, но исто ни беше укажувањето. Најголемата ноторна глупост се фришоповите по границите. Ги укинавме, вие со стариот закон ги вратив-те. Сега викате не ги воведуваме, ги укинуваме. Ова не е материја за играчки, ова е материја

која, кога ќе се донесе, треба минимум 20 години да важи, бидејќи токму сме го погодиле економскиот амбиент и врз основа на тој економски амбиент се донесе закон, а не вака се играме играчки и бидејќи законот во принцип сите студенти на право учат дека е општ е сеопфатен, важи за сите и се проектира на подолг период ако сака да се погоди целта, ние сме подготвени да донесеме закон за конкретна личност. На пример ако е тој, тој дотичен министер во Министерството за економија ние ќе донесеме закон да има царински контингенти, а ако се смени некој во Министерството за финансии, е, сега ќе донесеме закон за измена на Законот наместо министерот за економија да издава минстерот за финансии. Апсолутно сите ќе бидеме исти утре. На крајот на краиштата при крајот на мандатот е оваа Влада и треба да покаже доблест на тие нови кои ќе дојдат утре без разлика од кои политички групации ќе бидат или истите ќе останат да им се врзат рацете на некој начин да спасуваме она што може да се спасува.

Ако не го изгласаме денеска навистина апсолутно ништо не значат оние шминкања, дотерувања, ренумерирање на одредени членови, а образложениeто дека е светски закон со интенција да се доближи до законодавството на ЕУ, со интенции нас да не приближи како полноправна членка на Светската трговска организација, навистина ништо нас не не спасува.

Јас се сомневам дека со оваа додатна контрола што се воведува во членот 24-а, демек министерот за стопанство ќе биде контролиран од министерот за финансии и министерот за земјоделие, а всушност никакви позитивни ефекти во државата нема. Напротив, ќе отвори простор за корупција и во Министерството за финансии и во Министерството за земјоделие. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор претставникот на Владата, заменик министер за финансии.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Би сакал со неколку одговори односно накусо да дадам одговор на дискусијата на пратеникот Илија Иловски...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Задржете се на амандманот и околу амандманот.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Во врска со амандманот. Сакам да напоменам дека Предлогот на законот за изменување и дополнување на 'Царинскиот закон е целосно усогласен според критериумите на Светската трговска организација и Законодавството на Европската унија.

Понатаму царинските контигенти со овој член се укинати и усогласени со приципот со Светската трговска организација и законодавството на Европската унија.

Уште една да напоменам дека законот е даден на проверка во Светската трговска организација и немаме никакви забелешки. Членството во светската трговска организација за Македонија ќе се случи во најскоро време. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Билал Љутвии.

**БИЛАЛ ЉУТВИИ:**

Ви благодарам претседателе, апсолутно нема да се осудам да го убедувам г-динот Илија Илоски оти знам дека му гори, тој на перфиден начин овде истакна дека овој закон би бил добар кога одреден министер или одредено министерство што тој ќе го предложи и гласа, во спротивно Законот не е за добробит на сите граѓани. Нема да го убедувам, односно да тврдам и објаснувам економијата на нашата земја, но факт е дека сегашниот министер Фетаи ја наследи таа состојба во тоа министерство, а не треба да се мешаат поимите економија на земјата и Министерството за економија. Во однос на тоа што правел или не правел министерот Фетаи како министер за економија сакам да го потсетам дека токму таа меѓународна заедница високо ги цени напорите на министерот Бесник Фетаи во однос на напорите што ги прави за слободна трговија во сите земји од Европа, а најпрво на Балканот.

Му препорачувам на г-динот да се растовари од предрасудите а посебно од идејата дека во одредени министерства може Бесник Фетаи односно еден албанец, во одредени неможе.

Сакам како пратнеик и како човек пред јавноста и пред г-динот Илија Иловски да знае дека до сега сите контигенти биле објавени во средствата за јавни информирања ма да како човек никогаш не сум бил заинтересиран за тоа, но сум прочитал во дневниот печат дека се многу транспарентни и логично следи прашањето на кој начин и како своевремено сте ги поделиле кога бевте на власт.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседателе, да не останеме до крај нејасни. не го разбрав до крај министерот, односно заменикот за финансии, а она што успеав да го разберам

дали значи дека се укунува членот 24-а како што вие велите.

Ова како што е предложено јас незнам половина час образлагав по амандманот за мене значи дека наместо да се укине комплетно членот 6 каде што се видоизмени постоечкиот член 24-а од Законот, се укинуваат дел од ингеренциите што до сега ги имаше министерот за стопанство, а тие ингеренции дел се префрлаат да бидат во рацете на министерот за финансии, а дел во рацете на министерот за земјоделие. Значи само проширување на чинот, а воопшто не станува збор за укинување, како што е препораката на СТО.

Мојот амандман се однесува токму на овој член комплетно да се брише. Со бришењето на овој член фактички се враќаме на првобитното решение од Законот за царини донесен на 24.04.1998 година кога со тогашниот закон се укина царинскиот контингент кој беше во членот 2 од Царинскиот закон. После со измените кои настанаа поради пролонгирање на рокот на Законот настанаа измени во 220 членови што ќе дојде Законот на 170 измени во кои повтопно се воведе царинскиот контингент.

Јас не знам како се разбираме со заменик министерот за финансии и по мое длабоко убедување тој и до ден денеска постои си функционира, а од утре натаму и покрај укажувањето на СТО ќе функционираме на следниот начин. Економскиот субјект кој ќе се појави на пазарот да побара цармнски контингент тоа значи увоз на одредени стоки со повластена тарифна стапка или без плаќање на цапини ќе ја добие дозволата за конкретниот увоз од министерот за стопанство, меѓутоа сега со претходно одобрение од министерот за финансии и министерот за земјоделие. Тука воопшто не станува збор за укинување на оваа постапка, истата постапка останува и натаму и овие причини што ги наведов, спомнав само неколку дека навистина и натаму продолжуваме со намерна дисторзија во севкупниот економски систем.

**БИЛАЛ ЉУТВИИ:**

Ви благодарам претседателе, апсолутно нема да се осудам да го убедувам г-динот Илија Илоски оти знам дека му гори, тој на перфиден начин овде истакна дека овој закон би бил добар кога одреден министер или одредено министерство што тој ќе го предложи и гласа, во спротивно, Законот не е за добробит на сите граѓани. Нема да го убедувам, односно да тврдам и објаснувам економијата на нашата земја, но факт е дека сегашниот министер Фетаи ја наследи таа состојба во тоа министерство, а не треба да се мешаат поимите економија на земјата и Министерството за економија. Во однос на тоа што правел или не правел министерот Фетаи како министер за економија сакам да го потсетам дека токму таа меѓународна заедница високо ги цени напорите на министерот Бесник Фетаи во однос на напорите што ги прави за слободна трговија во сите земји од Европа, а најпрво на Балканот.

Му препорачувам на г-динот да се растовари од предрасудите а посебно од идејата дека во одредени министерства може Бесник Фетаи односно еден албанец, во одредени неможе.

Сакам како пратнеик и како човек пред јавноста и пред г-динот Илија Иловски да знае дека до сега сите контигенти биле објавени во средствата за јавни информирања ма да како човек никогаш не сум бил заинтересиран за тоа, но сум прочитал во дневниот печат дека се многу транспарентни и логично следи прашањето на кој начин и како своевремено сте ги поделиле кога бевте на власт.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседателе, да не останеме до крај нејасни не го разбрав до крај министерот, односно заменикот за финансии, а она што успеав да го разберам дали значи дека се укунува членот 24-а како што вие велите.

Ова како што е предложено јас незнам половина час образлагав по амандманот за мене значи дека наместо да се укине комплетно членот 6 каде што се видоизмени постоечкиот член 24-а од Законот, се укинуваат дел од ингеренциите што до сега ги имаше министерот за стопанство, а тие ингеренции дел се префрлаат да бидат во рацете на министерот за финансии, а дел во рацете на министерот за земјоделие. Значи само проширување на чинот, а воопшто не станува збор за укинување, како што е препораката на СТО.

Мојот амандман се однесува токму на овој член комплетно да се брише. Со бришењето на овој член фактички се враќаме на првобитното решение од Законот за царини донесен на 24.04.1998 година кога со тогашниот закон се укина царинскиот контингент кој беше во членот 2 од Царинскиот закон. После со измените кои настанаа поради пролонгирање на рокот на Законот настанаа измени во 220 членови што ќе дојде Законот на 170 измени во кои потполно се воведе царинскиот контингент.

Јас не знам како се разбираме со заменик министерот за финансии и по мое

длабоко убедување тој и до ден денеска постои си функционира, а од утре натаму и покрај укажувањето на СТО ќе функционираме на следниот начин. Економскиот субјект кој ќе се појави на пазарот да побара царински контингент тоа значи увоз на одредени стоки со повластена тарифна стапка или без плаќање на царини ќе ја добие дозволата за конкретниот увоз од министерот за стопанство, меѓутоа сега со претходно одобрение од министерот за финансии и министерот за земјоделие. Тука воопшто не станува збор за укинување на оваа постапка, истата постапка останува и натаму и овие причини што ги наведов, спомнав само неколку дека навистина и натаму продолжуваме со намерна дисторзија во севкупниот економски систем.

Затоа моето обраќање до пратениците беше овој член да се укине и да не постои членот 24-а.

Една кратка реплика до г-динот Билал Љутвии, не сакам многу да се расправаме околу таа проблематика, јас кажав целокупната македонска јавност и лаичката и експертската како и целокупната експертска светска јавност точно ја знае транспарентноста на постапката на овие царински контигенти. Меѓу другото би сакал во овој момент да укажам дека е тоа токму еден од овие сегменти кои ја победи Меѓународната заедница да не стави на сите црни листи како најкорумпирана држава на овие простори.

Инаку, имињата не се битни и како се вика министерот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор заменик министерот за финансии.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Сакам да кажам дека членот 6 од Предлогот е став на СТО и на ЕУ.

**ИЛИЈА ИЛОВСКИ:**

Г-дине заменик министер одговорно трвдам дека лажете пред целокупната македонската јавност и пред Парламентот затоа што....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Внимавајте, коректно треба да се зборува.

**ИЛИЈА ИЛОВСКИ:**

Да биде покоректно еве не ја зборува вистината, г-дине заменик министер не ја зборувате вистината, јас имав прилика да се сретнам со член од преговарачката екипа на СТО, бидејќи овие преговори не се почнати од како е г-динот Дуљанов е заменик, овие се почнати од многу поодамна и лично се познавам со некои луѓе. Јас одговорно ви тврдам дека ова не е предлог на СТО. Со ова одговорно ви тврдам дека се купуваат уште 100 дена крадење и ништо друго не се прави. Сакале или не во оној момент кога ќе пристапиме кон Светската трговска организација овој член треба да биде избришан од законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по Амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 88 пратеници, од кои 29 за, воздржано гласаа 15, против гласаа 44 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? - Има збор г-динот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, јас и колегата Никола Поповски имаме поднесено амандман, амандманот технички се подготвува во оваа фаза сакајќи да овозможам да се расправа и по тој амандман би ве замолил да причекаме да дојде амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, нека се подготвува амандманот.

Минуваме на точката 9 - Предлог за донесување на закон за трговските друштва, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за трговските друштва. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 79 пратеници, 66 за, воздржано гласале 7, против гласале 6 пратеници.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и

Предлогот на законот. - Ве молам да гласаме.

Гкупно гласаа 83 пратеници, од кои 63 за, 14 воздржано и шест против.

Констатирам дека предлогот е усвоен на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор. - Има збор г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г-дине претседателе, почитинувани членови на Владата односно заменици, би сакал да го изразам моето чудење, апсолутното чудење дека собраниска процедура Владата ни достави Предлог за донесување на закон за трговски друштва со Предлог на закон кој вие го ставивте на седница со дополнвување на дневниот ред претходно закажана по барање на Владата и дека сега Собранието се наоѓа во една ситуација дека по одлуката на Комисијата на г-динот Краљевски треба во рок од пет минути да освоите сто денари, да го донесе законот за трговски друштва кој, само да потсетам, ни е доставен во Собранието на 7 јуни, а денеска е 20 јуни и дека само 13 дена пред да го донесеме законот, законот е доставен во Собранието на РМ во процедура по скратена постапка дека законот кој го предлага Владата има 570 членови, дека Собранието заседава по сите заостанати седници и ве уверувам не само што г-динот Бесник Фетаи кој е претставник на Владата, кој не присуствува овде, за кој апсолутно ви тврдам дека нема прочитано што ни доставува.

Ве уверувам дека во Собранието не постои член на Парламентот што го има прочитано законот кој ни е доставен пред 10 дена со 570 члена затоа што секојдневно работиме на други седници и дека сега барате во процедура да го донесеме.

Ако прочитате во образложенито ќе забележите, покрај другото, дека Владата предлага да донесеме закон со кој го напуштаме т.н. германски систем на основање на трговско друштво и дека сега воведуваме модел кој е комбиниран француско-германски кој во исто време ги перцепира и европските стандарди на ова поле, меѓутоа, и сите наши проблеми, како што пишува во причините за донесување кои произлегле до сега, па сака да носиме некој вид на закон кој е малку француско решение, малку германско, малку од ЕУ, а малку повеќе решенијата кои ги донела праксата во РМ.

Јас знам дека мојата дискусија нема да предизвика овој закон во овој момент да прекине да се гласа, да го разгледаат пратениците така како што треба и да се направат нужните консултации и ве уверувам дека Владата во образложението кое го доставила дека законот што сега е донесен и е на сила од 1996 год, има претрпено околу 10-тина измени и затоа носи нов закон од 570 члена. Ве уверувам дека овој закон како и сите други ќе претрпи уште толку измени во наредната година - две од самата Влада, до колку остане, затоа што е невозможно да носите закони во процедура која оваа Влада ја наметнува.

Одтука јас барам од пратениците на Собранието на РМ да размислат дека носиме закон во кој пишува во преодните и завршните одредби дека сите трговски друштва во РМ кои се од 1996 год, наваму на неколку наврати пререгистрирани заради идеите на владите на-РМ ќе бидат должни во рок од неполна година и половина да се пререгистрираат согласно со ова, а дека во меѓувреме другите друштва кои ќе бидат основани од сега натаму *ќе* бидат основани по овој закон, дека постојано ги доведуваме во функција на пререгистрација, а за тоа Парламентот заради ситуацијата во која е доведен апсолутно нема никаков увид што се прави.

Второ, г-дине претседателе, надвор од оваа точка, јас како пратеник на кого му е денеска доставена одлука на Собрание од Комисијата за избор и именувања ве повикувам вас како претседател на Собранието да бидете над ситуацијата во која е доведено парламентарното мнозинство со својата алчност и непромисленост и со свој акт да ја. укинете Одлуката затоа што ни еден пратеник не мисли овде, особено тие кои се спротивставуваме на таа одлука дека платата ни е добивка на ЛОТО, а за секое притискање на копчето ќе добиваме по 100 денари. Затоа што е штетна одлука, а второ вас ве повикувам да размислите за одредени аспекти од таа одлука и Деловникот на Собранието на РМ кој дозволува пратеник како свој политички став да не се изјаснува по предлозите кои се на дневен ред кога работи на седница на Собранието.

Ве повикувам да размислите како ќе спроведувате ваква одлука и од кој буџет ќе ја плаќате затоа што имам впечаток дека само денешната седница по еден пратеник ќе донесе приход со притискање на копчиња по околу шест - седум илјади денари, екстра од сите други приходи и

дека апсолутно сме во ситуација да работиме под околности кои се противуставни.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**(Продолжение)

Вие сте повикан во услови кога господата од Комисијата за избори и именвуања, буквално ве уверувам, незнаат што прават да е укината таа одлука и ако можете да го вратите угледот на ова Собрание, кое некој сака да го доведе до крај. А, по повод точката за Законот за трговските друштва, јас ги повикувам пратениците оваа фаза од законот, Предлог закон, да не ја донесат и да ја натераат Владата, барем еднаш да помисли дека закони од шест стотини членови № се донесуваат во процедура од десет дена, доставени до Парламентот, 693 можност Парламентот да расправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Ќани Алиу.

**ЌАНИ АЛИУ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници гледам од повеќе пратеници од пратеничката група на СДСМ денеска повеќепати го спомнуваат министерот Бесник Фетаи како еден од главните луѓе кои ги врши тие незаконски работи, посебно во Министерството за економија. Јас лично, а и мислењето на пратеничката група на ДПА е чиста провокација на оваа група. Сметам дека нивна цел е тоа дека пред јавноста да каже дека практично сите членови на ДПА, па и нивните минситри се незналици, луѓе кои немаат врска со онаа работа што ја работат, што е неприфатливо. Затоа што, тука не се работи за индивидуа, туку се работи за една институција која ја води тој човек. Пред малку колегата од мојата пратеничка група кажа дека тој се докажал, а не мора да се докаже пред една пратеничка група, меѓутоа, се докажа пред сите меѓународни институции во кои одеше на преговори. Се докажа како храбар политичар кој знаеше да донесе одлуки, иако некогаш одлуките можат да бидат и погрешни, меѓутоа, важно е многу пати во политиката човек да биде одлучен.

Една работа треба да знаат колегите дека кога се донесува еден закон, како што беше за законите за кои пред малку тука се дискутираше, тој закон не е закон на Бесник Фетаи, туку е закон на одредена Влада. Практично, со тој закон се регулира одредена област во економската сфера, за која работат одредени стручњаци. Не може и нема Влада односно нема министерство во кое само еден човек одлучува или еден човек работи на одредени закони. Убеден сум дека тој има многу јака екипа, затоа што сите овие закони кои се донесуваат се закони, за кои закони тој се консултира и со меѓународни организации. - Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Мухамед Тахири.

**МУХАМЕТ ТАХИРИ:**

Бидејќи, колегата од пратеничката група на ДПА го кажа од прилика тоа што мислев и јас да го кажам, само една кратка реченица ќе му пренесам на г-динот Никола Поповски дека како пратеник тој нема морално право пред јавноста да кажува дали министерот го прочитал законот или го нема прочитано законот. А, ако има забелешки во законот, имал шанси во комисиите на пленарната седница да поднесе амандмани за да се поправи законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господо пратеници, јас се јавувам процедурално. Пред неколку минути добивме, претпоставувам и сите претставници на пратеничките групи едно писмо од блокот на македонски партии и здруженија од Тетово. Јас само првиот дел, барање, во кое што се вели дека Блокот на македонски партии и здруженија во име на сите граѓани на Тетово, без оглед на нивната етничка и верска припадност бара одложување на денешната собраниска седница, за да може претходно да се добие информација од Министерството за внатрешни работи, а во врска со ноќешните настани во Тетово, кога со истрели од огнено оружје интензивно беа вознемирувани и заплашувани граѓани во деловите каде што претежно живее македонско население. Теророт кој траеше повеќе часови со различен интензитет, при што најжестоки истрели се слушаа од правец на кафеаната "Дора", каде што наводно прославувале високи функционери на ДПА. Сметам, доколку е ова точно, а немаме зошто да не веруваме, мислам дека барањето е во ред и дека ние денес треба да ја прекинеме оваа седница и да видиме извештајот од МВР за што се работи. Затоа што, овие се оптужби многу сериозни. Ние веќе влеговме, би рекол, во една зона на самракот и сметам дека барањето е сосема оправдано. Кога веќе се јавив за збор

процедурално, исто така, сакам да се изјаснам во однос на одлуката која што е денеска доставена до сите нас пратеници во Собранието на Република Македонија од претседателот на Комисијата за прашања од изборите и именувањата. Сосема накусо, по мое уверување, ова е против уставна одлука, особено членот 3 и 4. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Благодарам г-дине претседателе.

Пред да зборувам за законот, што се однесува до онаа последна забелешка, сега да не почнеме Собранието да го направиме истражен орган и Министерството за внатрешни работи, ние сме Собрание, имаме Делвоник, имаме точка на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега, вие зборувајте за законот.

**ЗАМИР ДИКА:**

Секаде се пука, сега нема да ја прекинеме седницата и не мора овие маркетиншки настапи да бидат дел од нашето работење. Со Закон има определено време кога се прави маркетинг и кампања.

Што се однесвуа до Предлогот на законот за трговски друштва од координаторот на СДСМ, па и од некои пратеници, министерот за економија како личност нон стоп се мава со камења без да се навлезе во реалните причини зошто се против донесувањето на тој закон.

Пакетот на закони предложен од министерот за економија, на овој закон се работи овој закон се работи повеќе од година ипол и тоа во интензивни преговори со експерти од Светската трговска организација. По година ипол работа овој закон доаѓа пред Собранието. Значи, не е некое спектукуларно решение кое се донесува последните денови. Што се однесува до напаѓањето на министерот сакам да објаснам дека г-динот Бесник Фетаи магистрираше на Економскиот факултет во Скопје со средна оценка 9,2. На последниот рипорт на Стејдепартментот на 31 март оваа година, и од многу други релевантни институции на Европската Унија е прогласен за лидер на економските реформи во Република Македонија. Сега можеби на некого му пречи затоа што со овој закон веќе нема да има монополи во трговските друштва, тоа можеби пречи на оние кои мислат дека ќе дојдат на власт. Моментално г-динот фетаи е во Женева и ги привршува разговорите за дефинирање на економските реформи кои 10 години не можеа да се издефинираат, а тој за година ипол успева успешно да ги заврши преговорите во Женева. Значи, ако се сака да се гаѓа некој минисггер, некоја персона навистина треба да има аргументи, а не само заради тоа што се наближуваат изборите да се продолжи со оцрнување на Владата, на министерствата без да се види квалитетот на предложените закони.

Јас мислам дека овој закон е многу квалитетно направен и тоа се принципите на СТО, нема монополи во трговскиот устав, така што ако мислат оние што ќе дојдат на власт дека ќе ги вратат монополите за жал нема да им се дозволи тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ**:

Господине претседателе, исклучиво Вие инсистирате пратениците да се придржуваме на Деловникот. Пред нас е еден закон за трговски друштва и сега после излагањето на Дика на пратениците малку појасно им стана, дека лидерот на реформите на Република Македонија, министерот Фетаи со просек 9,75 магистрирал и работел на закон за трговски друштва една ипол година. Законот е добар, законот е реформски, тоа го зборува колегата Дика.

Г-дине претседателе, како претседател на овој Парламент, како искусен политичар кој што сте се занимавале со економски проблеми, сметам во никој случај согласно Деловникот, согласно член 316 на вакви искажувања на еден закон од 600-тини члена, кој го регулираат целокупниот економски, политичкои и секаков живот на граѓаните, закон за трговски друштва, поважен, најважен и од приватизација и од сите економски реформи, до вас апелирам, вие како претставник на сите нас барем лично да се изјасните, лидерот на реформите кој го работел една ипол година можеби заедно и со г-динот Дика, кој добро го познава, јас морам да кажам покрај напорите, како пратеник ги читам сите закони, не успеав овој закон од 600-тини члена да го прочитам. Незнам дали вие го прочитавте г-дине претседателе, не е лично тоа да го прашувам, дури е и спротивно, но морам да ве прашам, согласно член 316,

главата, а бидејќи на памет го знаат г-динот Фетаи овој закон, па сигурно и пратениците од ДПА, мислам дека и пратениците од ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи заедно го работеле една ипол година по кабинети, по економски факултети и во нашето писмо, кое вие ни го препративте, потпишано од Љубчо Георгиевски, премиерот на Владата на Република Макддонија и изрично пишува: "Со оглед на тоа што не е во прашање сомнеж, ниту обемен закон, Владата согласно член 316, став од Деловникот на Собранието кон предлогот на донесување на закон, поднесува и предлог на овој закон и предлага по нив да се расправа на истата сддница". Не е случајно во овие 10-12 години работење на овој Парламент, на вас добро ви е јасно да се утврди потребата, да се утврдат начелата, да се слушнат барем институциите кои се задолжени, матичните тела г-дине претседателе, не е важно дали бараме скратување, ни Комисијата за стопански систем, ни ЗПК, а согласно член 316, согласно Главата на Деловникот за скратување на роковите, ако сакате да ги видите кога се донесуваат, не *е* ни итна седница, ова е полошо од итна седница. Ниедно работно тело нема расправано да ја усвоиме потребата, да ги задолжите по барање, јас апелирам и на ЗПК и на Стопанство да расправаме по овој закон, така што би сакал да слушнам од г-динот Дика кој е претставник и адвокат на Фетаи кој е во Швајцарија, па ни во една држава ни од Африкански тип, ако се носи сложен, обемен системски закон, основно правило е министерот да е појави пред Парламентот. Основно и елементарно правило е да ни каже зошто не е сложен и обемен законот, зошто не е битен закон, а ги менвуа сите услови на стопанисување. Бил добар за стопанството, така ни објаснува Дика, координаторот на Пратеничката група. Мислам дека треба да постапиме согласно на Деловникот. До вас, дали до претседателот на ЗПК, претседателот на Стопанство, да побараат мислење, да го усвоиме предлогот за донесување, да имаме одредени извештаи и вашето лично мислење би било многу битно за овој закон, а особено и на оние кои се занимаваат со стопанство, со економски прашања и од ВМРО-ДПМНЕ.

Што е потребата од донесување на ваков закон по итна, не итна, туку преку трупа постапка. Слушаме г-динот Дика веќе и во политички конотации навлегува и дава квалификации. Ако тие, прво, да му заблагодариме што ни ја подари победата на изборите во септември, да благодариме и тој призна и ја знае моќта, покрај се она што прави ДПА и ВМРО-ДПМНЕ и тоа не пали и за тоа му заблагодаруваме. Но, тој кажува дека доколку некоја друга односно сигурно ќе победи коалицијата со СДСМ на чело, не била реформски, па тоа му сметало, немало да донесе закон за трговски друштва. Не се работи за измена на еден член, многу битен, се работи за 600-тотини членови. Го работеле професори, па можат г-дине претседателе, се работи за односот меѓу Влада и Парламент. Парламентарец кој во основа ги знае г-динот Дика задачите на Парламентот, кој често се борел за улогата меѓу законодавната и извршната власт настапува во функција за закон, кој е добар и дајте да го усвоиме, бидејки тој знаел и министерот Фетаи знае.

Најотворено да кажеме, наискрено, кој од пратениците кои се присутни овде 80 или 90 го видел. Со сигурност тврдам, еве, Ѓулистана Марковска ја повикувам да каже дали е сложен, дали е обемен, дали невлегува најискрено и најреално. Се извинувам што и се обраќам лично, бидејки таа ми се обрати дека го прочитала. Тројца пратеници не го имаат прочитано. Бидејки се дискутира за тоа да се изјасниме за заклучокот да расправаме согласно Деловникот, би ве замолил колегите, еве и јас како член на ЗПК до вас доставувам предлог, како член не мора претседателот да го поддржи и ги повикувам колегите од мојата партија кои се занимаваат со економски прашања, не гори државата за законот за трговски друштва, не се загрозени безбедносните и економските услови за закон за трговски друштва да го усвоиме. Ќе влеземе во аналите на книгата на Гинис како Парламент, без ниедно читање да донесеме закон за трговски друштва кој во Парламентот прележал три ноќи, бојата сеуште не е исушена и никој не го отворил, може оваа коалиција и тоа да го донесе, па нека го изгласа.

Барам да постапите согласно член 316 односно претставникот на Владата пред Парламентот да објасни зошто не е сложен и обемен законот, за да можеме ние да гласаме. Од самото писмо произлегува прашањето зошто не е сложен и обемен законот односно зошто е едноставен и да ги примените одредбите за

скратувањето а роковите за расправа во Парламентот. - Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика бара г-дин Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА**:

Благодарма г-дине претседателе, почитувани колеги, Добро е што г-динот Гештаковски ни кажува кој како се бори за распределба на власта на Парламентто и Владата, а исто така и за процедурите во Собранието, така што јас го сметам за искусен пратеник. Сега, како може еден искусен пратеник кога зборуваме за една утанчена точка на дневниот ред да бара да се изјасни некој од Собранието или од Владата зошто не е обемен закон.

**ЗАМИР ДИКА:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Господине Гештаковски процедурата вели дека за итноста на законот се дискутира пред да влезе како точка на дневен ред. Тогаш претставникот на Владата објасни зошто за итноста на процедурата и зошто е, или не е обемен законот.

Значи, точката беше ставена на дневен ред и ние сега дискутираме за тоа. Вие имате право да побарате мислење, да давате амандмани и тн.

Исто така, што се однесува до процедурата, имаме информации дека Законот за трговски друштва веќе помина на Комисијата за економска политика и развој. Значи, на една комисија е веќе поминато. И не се два три дена, туку е повеќе од една недела, затоа што толку сме ефективни во нашата работа. Знаете исто така, дека се ближи распуштањето на Собранието, а овие се многу важни закони, кои се со датуми определени од Светската трговска организација и затоа сме ние во еден цајтунг за донесување на законите. Вие знаете дека господинот Бесник Фетаи дома не го спремал законот, туку законот е спремен во Министерството за економија, дел на Владата на Република Македонија со една ипол година консултации со професори од Скопскиот универзитет, доколку ги почитувате, а не знам колку ги почитувате, со експерти од Светската трговска организација, не знам колку ги почитувате или не ги почитувате, експерти од Европската Унија и тн.

Сега, ако овие елементи и самите пратеници кои ја сочинуваат Комисијата за економска политика и развој, а кои нив не ги почитувате, тогаш не знам каде е проблемот. Јас ве разбирам, ако се оди како мед и млеко во Република Македонија, би требало сите закони полека да се анализираат, да се дебатира за нив и тн. Но јас досега знаејќи дека оваа точка на дневен ред ќе биде, сите институции релевантни, знаејќи дека факултетите, и сите други институции во Република Македонија знаеја дека ќе дојде Законот за измени и дополнувања на Законот за трговски друштва. Јас никаде не сум прочитал некоја голема забелешка, што се однесува до овој закон и затоа, мислам да престанеме со политички квалификации и фрлање камења по личности, туку зборувајте за Законот и тука нема што.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има реплика господинот Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, господине Дика мислев претседателе дека вие ќе интервенирате, но морам јас да интервенирам. Господине Дика секогаш се залагам за процедурата. Затоа, со еден збор сакам да ви кажам. Точно расправаме сега дали да разгледуваме и Предлог за донесување на закон, бидејќи за она вие што зборувавте, се работи за итна постапка. Овој закон не е по итна постапка и затоа Парламентот не се изјасни претходно. Затоа претседателот нуди заклучок да расправаме со скратени рокови и тн, за таканаречениот член 316.

Господине Дика, значи тука не сте во право и затоа јас ви укажувам.

Второто прашање што сакам да ги кажам. Точно е можат да работат и меѓународни непознати институции, може да работи и цел Економски факултет, можат да работат и научници и најпризнати нобеловци по економија. Се работи за расправа во Парламентот. Пратениците се претставници на граѓаните и треба многу добро во сите парламенти и во новиот деловник и во стариот Деловник, доколку не е сложен закон, доколку не е обемен закон, доколку законот нема влијание на огромен број на граѓани и трговски друштва, тогаш се применуваат роковите.

Господине Дика, вие ги посетувате сите парламенти. Кога работеше претставникот од Европската Унија, кој му ги презентира своите сознанија и со вас лично разговараше неколку пати. Не можат да сфатат ниедна демократска земја, ниеден институт, дека во Република Македонија Законот за трговски друштва, ќе се донесе со едно читање. Тука ние апелираме. Не може, и не смее. Бараме од претставникот на Владата, зошто смета Владата дека не е

сложен, или обемен. За да се изјасниме. Бидејќи доколку е сложен и обемен, не може да се применат одредбите. Тоа е основата за што се изјасни Парламентот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор госпоѓа Гулистана Марковска.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, и покрај тоа што на некој начин бев прозвана, јас се јавив претходно. Јас сакам да го поздравам донесувањето на овој закон, од причина што се работи за навистина, квалитетен закон. За жал, сите дискутанти досега што се јавија зборуваа за процедурата за неговото донесување, или пак, уште полошо за министерот кој што овде не е на дневен ред, ниту пак имам намера да го бранам, или нема причина да го напаѓам, бидејќи нема од кого и што. Се носи закон кој што е предложен од една релевантна Влада.

Точно е дека комплетно се менува начинот на организирање на трговските друштва, затоа што се менува концепцијата. Меѓутоа, точно е дека се работи за квалитетен закон, кој што нам на пратениците ни беше доставен лично на рака по брза пошта да имаме време да ги проследиме измените на законот. Малициозна беше одредбата, дури и тврдешето дека ниту еден пратеник од Собранието не го прочитал законот. Еве јас го прочитав и не можам да тврдам за ниеден друг дали го прочитал или не го прочитал. Веројатно, тоа е лично право на секој од нас и за ниеден друг немаме параметри тоа да го кажеме, како што овде априори, беше речено дека ниту еден не го прочитал. Измените се квалитетни, измените се значајни, од причина што овој закон има тенденција да ги следи трговските друштва, како по теркот изведен во многу земји членки на Европската Унија и токму од таа причина, лежи зајакот, зошто во овој момент би рекла сосема сигурно имаме опструкција од страна на опозицијата, законот да не се донесе.

Ова Собрание, ако работеше ефикасно, за жал, тука навистина, причината лежи во нашето парламентарно мнозинство, за тоа ќе се согласам со сите дискутанти, веројатно, со повеќе читање ќе се донесеше. Меѓутоа ова е еден од условите за приемот на Македонија во Светската трговска организација. Веќе тука лежи зајакот, дали Македонија од формално-правен карактер и од законодавен карактер ќе ги исполни условите на овој план. Јас не велам дека со овој закон Македонија априори веднаш ќе биде примена. Меѓутоа, шансите за наш прием се далеку повеќе доколку овој закон и голема плеада на закони, кои што ги добивме во ова Собрание од кои што добар дел и изгласавме ќе бидат донесени.

Она што исто така сакам да го кажам, е дека веќе ова е веќе „дежа ви", односно видено зошто опозицијата не сака да се донесе овој закон, бидејќи пред година ипол не полна, токму претставникот на СДСМ, при донесувањето на Законот за ДДВ велеше нека си го повлече Владата Законот бидејќи сум убеден дека за шест месеци ќе бара негово одложување, односно стапување на сила. Тоа не се случи. Сведоци сме на тоа дека Законот за ДДВ одлично функционира, од причина што Владата тогаш оценила дека треба да се донесе и дека истиот ќе има можност да се примени во нашето стопанство. Верувам дека и ова ќе се случи со Законот за трговски друштва, од причина што рокот од година ипол за пререгистрација на ситни трговски друштва е оптимален рок за да може истиот да се испочитува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Прво би сакал да изразам едно чудење во Парламентот што се случува, затоа што имам впечаток дека координаторот на ПДП се става во функција на човек кој апсолутно располага со работата на Собранието.

Прво, во името на министерот Бесник Фетаи, го брани законот, што мислам дека е недопусливо, а ќе кажам и како го брани.

Второ, на мојот колега и наш колега Каранѓелески експресно само што го постави Каранѓелески барањето овој Парламент денеска да биде информиран зошто вчера во Тетово, во наводно мирна Македонија толку се пука, веднаш директно, како да е министер за внатрешни работи, му одговори дека нема потреба, превземајќи ја и вашата функција на претседател, веднаш го сосече и му одговори дека нема потреба да се расправа за тоа, затоа што ние сега како Собрание не можеме да скокаме од точка на точка и дека не може некој да го опструира на таков начин Собранието.

Господине Дика, сакам да констатирам дека вие имајќи го господинот Ѓеоргиевски и господинот Андов зад себе, можете тоа да го правите и затоа сте силни и диктирате тоа што се случува. Меѓутоа, ве

уверувам дека ни вие ни тие двајца нема долго да диктираат како да работи Собранието кога има проблеми. Само да ве потсетам господине Дика дека пред два дена ја прекинавте седницата на Собранието на Република Македонија, комплетно да работи во наредните два дена, само заради тоа што посакавте еден закон со 2/3 мнозинство да се донесе што побрзо.

Сега, кога некој друг пројави интерес за некоја друга точка, која исто ги задира меѓунационалните односи, зашто можам да претпоставам во Тетово кој на кого пукал и од која страна, експресно го сосековте, така што никој не помисли дека е можно да расправа за таа работа и јас ве уверувам дека оваа политика на ваше контролирање на процесите во Република Македонија нема долго да трае, затоа што таа ситуација е неиздржлива, така вие да го контролирате тоа.

Второ, сакам да кажам дека слушавме две години дека во ова Собрание секој закон е по итна или скратена процедура, а јас ве уверувам дека во ова Собрание ние не работиме, согласно Уставот и Деловникот, затоа што сите закони се по скратена или итна процедура и практично е изместена работата. Не уверувавте дека треба да бидат такви какви што се, затоа што тоа го бара ММФ или Светската банка. Откако ММФ и Светската банка ви го свртеа грбот на вас од коалицијата, не на Република Македонија и не потпишуваат спогодба со вас, сега немате веќе врз основа на што да кажувате итно да ги носиме законите кога ќе му текен на некого во Владата, се извинувам на изразот, туку ни кажувате со Светската трговска организација. Јас ве уверувам кога еден ден Светската трговска организација ќе ви каже токму тоа што вие го алудирате дека заради Бесник Фетаи не можеме да бидиеме примени во Светската трговска организација и начинот на кој тој ги дели контингентите, вие ќе најдете нешто друго. Тогаш веројатно, ќе побарате Светската организација за труд од Женева дека бара да ги носиме овие закони и стално ќе наоѓате некој изговор за кој апсолутно не сте во право.

Конкретен пример за тоа како овој закон се носи господине Дика дадовте вие самиот пред малку кога не уверивте дека овој закон треба што побрзо да се донесе, за да ги снемало монополите во Република Македонија. Токму вашето излагање ни е брилијантен ориентир или репер зошто законот не треба да се донесе, затоа што и вие, извинтете што ќе ви кажам, апсолутно не знаете што се регулира со овој закон. Монополите не се ни установуваат, ниту пак се укинуваат со Законот за трговски друштва. Има други закони за монополско однесување во Република Македонија. Меѓутоа, точно бранејќи го законот во името на господинот Фетаи вие ни кажавте дека и вие не знаете за што овој закон служи. Овој закон служи за тоа како се основаат трговските друштва, кој може да ги основа, какви видови има, како тие работат и другите одредби, како се укинуваат, како се регистрираат, какви обврски имаат, какви односи имаат сопствениците во нив и како ги уредуваат и кои органи ги поседуваат и уште нешто слично. Кажувајќи ни дека монополите ќе ги укинете на некого, вие практично не уверивте дека и вие практично не знаете што всушност, сакате да гласате. И ако зборуваме за монополи ајде малку да позборуваме за Владата на ВМРО-ДПМНЕ и Партијата за демократски просперитет на албанците.

И само на крајот, господине претседателе како пост скриптум на ова мое излагање би прашал дали само во Швајцарија се произведува шеќер.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јавува господинто Замир Дика.- Претпоставувам дека е реплика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Почитувани пратеници јас се обидов да не спомнувам имиња многу, еве господинот Поповски секогаш, бидејќи сме млади двајцата мислам дека немаме предиспозиции со таа стара комунистичка школа да размислуваме. Кумровичката школа и вие дадовте еден пример дека навистина, дека не е се во годините. Не значи дека си млад не си ја примил комунистичката школа и вие излеговте со тезата размисли како јас размислувам и работи како јас наредувам.

Јас вчера во едно интервју реков дека со некои устави на СДСМ, особено за Законот за пасошите и ова денеска што го кажувате, мислете дека сте уште во сон и кога вие ќе дојдете на власт...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде сега да не ги шириме многу темите.

**ЗАМИР ДИКА:**

Благодарам претседателе, имате право. Кога вие ќе дојдете на власт значи се ќе биде по старо. Подобро да се разбудите од сонот  и да ги сфатите реалностите. А што се однесува до монополите и контингентите, знам дека сте експерти господине Поповски,

експерти за нивното делување и ако сакате некоја анализа за оваа Влада треба оваа Влада некаде да имаме некој репер или компарација, ако се компарираме за податоците околу контингентите и злоупотребите на економијата во Владата на господинот Црвенковски ние сме многу мали деца. Ако вие мислите дека јас ќе молчам, кога вие ќе навредувате личности кои доаѓаат од мојата политичка партија и тука се лажете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јавува господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине Дика веднаш да ви соопштам дека нема никаква шанса со тоа што ќе ме обвинувате за Кумровец и за комунизам, да ме запрете да разговарам за она што се случува во овој Парламент. Јас само ќе повторам дека вие повторно со поддршка на мнозинството овде се обидувате да расчистите со се што не мисли како вас, а да го привлечете сето она што мисли како вас. Апсолутно ве уверувам дека таа тактика нема да ви помине. Ке докажувам и ќе се борам за ова што го кажувам се до крај, па макар и вие помислиле дека со тоа, како што вие сега размислувате нема да имаме ние со кого да коалицираме во иднина.

Јас ве ув.ерувам, дека токму господинот Бесник Фетаи и таквите како него во вашата партија, токму тие, ќе ги турнат мнозинството од албанците, кои живеат на прагот на сиромаштијата во Македонија, во други политички партии. Само вие продолжете мислејќи дека го имате монополот на албанското однесување во државата и преку тој монопол за малцинството од македонците во овој Парламент ќе владеете и во вториот Парламент и понатаму. Тоа нема да биде дозволено такви уцени да се случуваат во оваа држава, затоа што некој мисли дека поседува некакво природно право. Ако можам да ги читам весниците, а ги читам, па дури ги читам и оние кои се на албански јазик, па ми ги преведуваат, токму во вашиот електорат расте спротивставувањето на тоа што вие го правите. Не можете вие да ме уверувате мене дека ние имаме кумровачки амбиции, во исто време заменувајќи ги нашите наметнати школи со школите од Шипковица каде што се делат контингенти за шеќер на регистрирана фирма во Шипковица. Апсолутно, вие можете мене сега да ме обвините и за сталинизам, меѓутоа, се додека сме на оваа тема за господинот Бесник Фетаи, кој по Уставот на оваа Република е одговорен за својата работа пред Собранието на Македонија, а вие додека го браните јас ќе кажувам господинот Бесник Фетаи предлага со Владата со потписот на господинот Љубчо Георгиевски закон кој е сложен и обемен во процедура која Парламентот ја

донел со свој Деловник за закони кои не се ниту сложени, ниту обемни. Зборувате овде за работи што немаат врска со законот, го браните господинот Бесник Фетаи таму каде што тој е неодбранлив, затоа што тој стана синоним на тоа како се злоупотребува власта во Република Македонија и од сите тие причини вие можете сто пати да ме обвините, меѓутоа, мене ми е апсолутно јасно дека тоа ќе го правите само во паника како да спасувате кожа на изборите што доаѓаат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Може ли нешто да разјасниме. Јас навистина сега мора да реагирам малку, да видиме што се случува во Собранието. И сите ве повикувам да се држите до Деловникот.

Ние сега се наоѓаме во општиот претрес. Јас отворив општ претрес по Предлогот на законот. Претходно во оваа сала сите присутни ништо не кажаа кога имавме предлог за донесување. Потоа, гласаа за заклучокот, некои за, некои против, дури можеме да видиме и кој како гласал. Земете го листингот, ќе видите. Спроед тоа, прифатија законот да се донесе по скратена постапка. Потоа, овде ние гласавме да се претресе и Предлогот на законот денес. Наеднаш почна да им смета, некој не дошол да каже колку е важен законот, дали е едноставен, дали е ваков, или таков и немале време да го прочитаат и да го разгледаат. Јас ве молам имаа време во овие 13 дена претседателот на Комисијата за финансирање и буџет да ми пише писмо дека е многу голем законот и дека бара во две фази да *се* разгледува ова. Изгледа не го ни прочитал законот, ниту видел, или е некоја друга причина, незнам од која причина. Нема такво писмо, нема такво укажување. Можел како координатор да укаже, но не укажал. Штом Собранието донесе заклучок да се усвои предлогот за донесување и ваков закон да се донесе, сето ова е комплетно депласирано и нема никаква основа.

Второ, штом Собранието донесе заклучок т.е. усвои предлог на оваа седница да се разгледа и предлогот на законот, натаму се расправа само по тоа што следува. Назад не можеме да *се* враќаме. И затоа отворив општ претрес.

Затоа почитувани пратеници сега јас *ќе* ја прекинам седницата. Нека *се* створи работен дух во Собранието, партиските интереси ќе си ги кажуваме на митинзите, на прес конференциите, а овде *ќе* работиме само по Деловникот.

Седницата *ќе* ја закажеме дополнително.

(Седницата прекина со работа во 15,20 часот)